Влада на Република Северна Македонија
Генерален Секретаријат

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

# 2023-2025 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2023 година**



*Стратешкиот план на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија за периодот 2023-2025 година, во целост ја одразува нашата визија за современ, дигитализиран и транспарентен центар на Владата, посветен на постигнувањето на стратешките приоритети и цели на Владата, во целина.*

*Во оваа смисла, клучната функција на Генералниот секретаријат, како центар на Владата, е координацијата на процесите за креирање на политиките, вклучувајќи го и процесот на стратегиско планирање на централно ниво – квалитетна алатка со повеќегодишно позитивно искуство, која е широко прифатена од сите институции на извршната власт.*

*Подготвувањето на овој Стратешки план на Генералниот секретаријат, е направено со примена на принципите на стратегиско управување, при што, низ еден сеопфатен партиципативен пристап и стратегиско размислување на сите вработени во институцијата, се формулирани повеќе стратегиски приоритети и цели, поддржани со програми, проекти и активности за нивна реализација.*

*Убеден сум дека преку подигнување на нивото на професионалност на сите вработени во Генералниот секретаријат и со целосна нивна посветеност на реализацијата на планот, јасно определените резултати во овој Стратешки план, се реално достижни во периодот пред нас.*

Digitally signed by
Metodija Dimovski
Date: 2023.01.26
15:30:10 +01'00'

*м-р Методија Димовски, генерален секретар*
*на Владата на Република Северна Македонија*

*Скопје, јануари 2023 година*

# Содржина


Листа на кратенки ... iii

I. ВОВЕД ... 1

II. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ... 3

II.1 Појдовна основа ... 3

II.2 Анализа на правната рамка ... 3

II.3 Анализа на ресурсите ... 4

II.3.1 Финансиски ресурси ... 4

II.4 PESTLE анализа ... 4

II.5 SWOT анализа ... 6

III. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА ... 9

III.1 Мисија ... 9

III.2 Визија ... 9

III.3 Задачи и обврски на Генералниот секретаријат ... 9

III.4 Специфичност на Генералниот секретаријат ... 10

III.5 Структура на Генералниот секретаријат ... 11

III.6 Приоритети и цели на Генералниот секретаријат ... 12

III.6.1 Приоритет бр. 1 – Дигитализација, добро владеење и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат како Центар на Владата ... 12

III.6.2 Приоритет бр. 2 – Зајакнување на системот на стратешкото планирање 12

III.6.3 Приоритет бр. 3 – Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација ... 12

III.6.4 Приоритет бр. 4 – Системско подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима ... 13

III.6.5 Приоритет бр. 5 – Навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата на Република Северна Македонија ... 13

III.7 Осврт на постигнатите резултати во 2021 година ... 13

III.7.1 Програма 1 – Стратешко планирање ... 13

III.7.2 Програма 2 – Анализа на политиките и координација ... 14

III.7.3 Програма 3 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ... 16

III.8 Осврт на постигнатите резултати во 2022 година ... 18

III.8.1 Програма 1 – Стратешко планирање ... 18
III.8.2 Програма 2 - Анализа на политиките и координација ... 20
III.8.3 Програма 3 - Деловно опкружување и регулаторна реформа ... 23
III.9 Програми ... 25
IV. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ ... 27
IV.1 План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација и добро владеење 27
IV.2 План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање ... 35
IV.3 План за спроведување на Програма 3 – Анализа на политиките и координација ... 41
IV.4 План за спроведување на Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ... 46
IV.5 План за спроведување на Програма 5 – Транспарентна влада ... 51
IV.6 Влијанија врз човечките ресурси ... 57
IV.7 Принцип на правична застапеност ... 58
IV.8 Принцип на еднакви можности на жените и мажите ... 58
IV.9 Развивање на заедничките функции ... 59
V. ПРИЛОГ 1: ОБРАЗЕЦ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РИЗИЦИ ... 63
V.1 Ризици на ниво на стратешки план ... 63
V.2 Ризици на ниво на Програма 2 – Стратешко планирање ... 64
V.3 Ризици на ниво на Програма 3 – Анализа на политиките и координација ... 65
V.4 Ризици на ниво на Програма 4 – Деловно опкружување и регулаторна реформа ... 66

# Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| **АСИПИ** | Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот |
| **ГПРВ** | Годишна програма за работа на Владата |
| **ГС** | Генерален секретаријат |
| **ДТИРЗ** | Дирекција за технолошко-индустриски развојни зони |
| **ЗКФ** | Зелен климатски фонд |
| **ЗПВДВ** | Заменик на претседателот на Владата задолжена за политики за добро владеење |
| **ЗПВЕП** | Заменик на претседателот на Владата задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции |
| **КГС** | Кабинет на генералниот секретар |
| **КЗК** | Комисија за заштита на конкуренција |
| **КПВ** | Канцеларија на претседателот на Владата |
| **МЕ** | Министерство за економија |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НКОВТ** | Национален координатор за одговорно владеење и транспарентност |
| **НРС** | Национална развојна стратегија 2023-2043 |
| **ОДУ** | Органи на државна управа |
| **САПК** | Сектор за анализа на политиките и координација |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СЕПСРИ** | Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции |
| **СЗ** | Секретаријат за законодавство |
| **СИТ** | Сектор за информатичка технологија |
| **СЈН** | Сектор за јавни набавки |
| **СОЈ** | Сектор за односи со јавност |
| **СНПР** | Сектор за нормативно-правни работи поврзани со седниците на Владата и работните тела на Владата |
| **ССПС** | Сектор за стратегија, планирање и следење |
| **СФР** | Сектор за финансиски работи |
| **ФИТР** | Фонд за иновации и технолошки развој |

# I. ВОВЕД

Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст – Генерален секретаријат), е одговорен за обезбедување на координација и усогласеност на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа со стратешките приоритети и цели на Владата и нивна интеграција со буџетскиот процес, што е регулирано со соодветна правна рамка.

Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за периодот 2023-2025 година, врз основа на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија, обезбедува кохерентност во спроведувањето на нејзините политики, како и на политиките предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

Првиот дел на Стратешкиот план прави анализа на состојбите, ја дефинира мисијата и визијата на Генералниот секретаријат, неговите задачи, обврски и структура, како и приоритетите и целите за наредниот тригодишен период. Овој дел, исто така, содржи и осврт на постигнатите резултати во 2021 и 2022 година. Во овој контекст, Стратешкиот план дефинира пет стратешки приоритети, за чие спроведување се дефинирани вкупно 16 цели:

- Дигитализација, добро владеење и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат, како центар на Владата;
- Зајакнување на системот на стратешко планирање;
- Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација;
- Подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима; и
- Навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата.

Во функција на остварување на овие приоритети и цели на Генералниот секретаријат, креирани се пет стратешки програми, разработени во 15 потпрограми:

- Дигитализација и добро владеење;
- Стратешко планирање;
- Анализа на политиките и координација;
- Деловно опкружување и регулаторна реформа; и
- Транспарентна Влада.

Вториот дел од Стратешкиот план, дава преглед на плановите за спроведување на стратешките програми и потпрограми, нивната поврзаност со стратешките приоритети на Владата за 2023 година, Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА), како и поврзаноста со стратешките приоритети и цели на Генералниот секретаријат.

Останатите делови од Стратешкиот план ги обработуваат прашањата поврзани со човечките ресурси, принципите на правична застапеност, принципите на еднакви можности на жените и мажите, како и заедничките функции, кои ги вклучуваат развивањето на политиките, стратешкото планирање и подготвувањето на буџетот, извршувањето на буџетот и управувањето со средствата, управувањето со човечките ресурси, управувањето со информациските технологии и внатрешната ревизија.

Составен дел на Стратешкиот план се ризиците, кои се утврдени на ниво на план и стратешки програми.

# II. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

## II.1 Појдовна основа

Генералниот секретаријат е стручна служба која обезбедува стручна и логистичка поддршка на Владата, на претседателот на Владата, неговите заменици и министрите, со цел нивно законито, ефикасно и транспарентно работење.

## II.2 Анализа на правната рамка

Основните правни акти со кои е регулирано функционирањето на Генералниот секретаријат се: Законот за Владата,[1] Законот за организација и работа на органите на државната управа[2] и Деловникот за работа на Владата.[3]

Дополнително, за спроведувањето на функцијата координатор на процесот на стратешко планирање и негово следење на централно ниво, важни се и следните документи:

- Закон за буџети[4];
- Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија 2022-2024 година[5];
- Фискална стратегија на Република Северна Македонија за 2023-2025 (со изгледи до 2027)[6];
- Методологија за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија[7];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на стратешкиот план и Годишниот план за работа[8];

[1] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 26/01, 13/03, 55/05, 37/06, 115/, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/19)
[2] „Службен весник на Република Македонија“ број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19
[3] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/01, 98/02, 9/03, 47/03, 64/03, 67/03, 51/06, 5/07, 15/07, 26/07, 30/07, 58/07, 105/07, 116/07, 129/07. 157/07, 29/08, 51/08, 86/08, 144/08, 42/09, 62/09, 141/09, 162/09, 40/10, 83/10, 166/10, 172/10, 95/11, 151/11, 170/11, 67/13,145/14, 62/15, 41/16, 153/16 и 113/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 228/19, 72/20, 215/20, 309/20, 41/21, 56/21 и 70/22
[4] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 203/22
[5] http://vlada.mk/sites/default/files/programa/2022-2024/programa_na_vladata_2022-2024.pdf
[6] https://finance.gov.mk/wp-content/uploads/2022/06/Фискалната-стратегија-на-РСМ-за-2023-2025-со-изгледи-до-2027.pdf
[7] „Службен Весник на Република Македонија“ бр. 124/08 и 58/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 223/19
[8] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18

- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на следење, оценување и известување на спроведувањето на стратешкиот план и Годишниот план за работа[9];
- Упатство за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа при подготвувањето и следењето на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија[10];
- Национална Програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) ревизија 2021 – 2025[11];
- Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии[12];
- Упатство за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии[13];
- Други долгорочни и среднорочни стратешки документи на Владата.

## II.3 Анализа на ресурсите

### II.3.1 Финансиски ресурси

Генералниот секретаријат се финансира преку средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија, а дел од проектите се финансираат и преку средства обезбедени од различни.

## II.4 PESTLE анализа

Анализата на политичките, економските, социјалните, технолошките, правните и еколошките фактори, позната под акронимот PESTLE[14], е метод кој овозможува да се согледа влијанието на надворешните фактори врз работењето на институцијата. Некои од поважните фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Генералниот секретаријат се прикажани во табелата подолу.

[9] „Службен весник на Република Македонија“ бр.131/18
[10] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 22/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 22/19
[11] https://www.sep.gov.mk/data/file/NPAA/NPAA%202021/NPAA%202021-2025.pdf
[12] Усвоена на 48. седница на Владата, одржана на 25.5.2022 година
[13] „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 122/22
[14] Political, Economic, Social, Technological, Legal, Environmental

*Табела 1 Поважни надворешни фактори кои влијаат врз работењето на Генералниот секретаријат*

| политички фактори | економски фактори | социјални фактори | технолошки фактори | правни фактори | еколошки фактори |
|---|---|---|---|---|---|
| ▪ стратешки приоритети и цели на Владата;<br>▪ задолженија од заклучоци на Владата;<br>▪ политичка поддршка, заложба и овозможување предуслови за извршување на надлежностите на Генералниот секретаријат;<br>▪ обврски кои произлегуваат од процесот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија<br>▪ соработка со останатите институции од Центарот на Влада (СЕП, СЗ, МФ и МИОА) | ▪ расположливи финансиски средства во Буџетот;<br>▪ социо-економски последици од здравствената криза (КОВИД-19) и енергетската криза;<br>▪ расположливост на финансиски средства од донатори (за проектни активности) | ▪ влијание на граѓанското општество;<br>▪ информирање на медиумите за работата на Генералниот секретаријат | ▪ напредок на технологијата и технолошките процеси. | ▪ општи законски и подзаконски акти;<br>▪ усогласување на националното законодавство со правото на Европската Унија;<br>▪ обврски преземени согласно меѓународни договори | ▪ климатски промени;<br>▪ меѓународни и национални стандарди за заштита на животната средина |

## II.5 SWOT анализа

SWOT[15] или анализа на предностите (силните страни), слабостите (слабите страни), можностите и опасностите (заканите), е метод кој овозможува да се согледа влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Генералниот секретаријат, како што е прикажано во табелата подолу.

15 Strengths, Weaknesses, Opportunities and Threats

*Табела 2 SWOT анализа*

| ПРЕДНОСТИ (СИЛНИ СТРАНИ) | СЛАБОСТИ (СЛАБИ СТРАНИ) |
|---|---|
| ▪ посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски;<br>▪ солидна информатичко-комуникациска основа за дигитално работење;<br>▪ воспоставен функционален систем на стратешко планирање на централно ниво;<br>▪ расположливост на административни капацитети за стратешко планирање;<br>▪ соодветна правна рамка усогласена со ЕУ легислативата. | ▪ недостаток на човечки ресурси во одделни сектори;<br>▪ недоволна искористеност на функцијата за координација и контрола на квалитетот во креирањето на политиките на Владата;<br>▪ недоволна искористеност на системот за следење и известување на работата на Владата (заклучоци, спроведување на секторски стратегии);<br>▪ ниско ниво на примена на Деловникот за работа на Владата, во однос на организацијата и работата на седниците на Владата и работните тела на Владата;<br>▪ несоодветни акти за внатрешна организација и систематизација на работните места; |
| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ (РИЗИЦИ) |
| ▪ целосна дигитализација на внатрешните процеси на работа;<br>▪ надградба на знаењата и стручно усовршување на вработените преку обуки во одделни сектори;<br>▪ зајакнување на улогата на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ процесот на преговори за членство на Северна Македонија во ЕУ;<br>▪ процесот за реорганизација и оптимизација на јавната администрација;<br>▪ процесот на изработка и спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030; | ▪ недоволно разбирање на улогата на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ зголемен одлив на човечки ресурси од Генералниот секретаријат;<br>▪ недоволна координација со КПВ, кабинетите на замениците на претседателот на Владата и министерот без ресор;<br>▪ задолженија од Владата кои се надвор од надлежностите на Генералниот секретаријат. |

# III. ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА

## III.1 Мисија

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, со основна задача да обезбеди стручна и логистичка поддршка за нејзините потреби, како и за потребите на претседателот на Владата, замениците на претседателот на Владата и на членовите на Владата, со цел остварување на програмските определби и приоритети на Владата во рамките на утврдените надлежности утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори.

## III.2 Визија

Современ, дигитализиран, транспарентен, Центар на Владата.

## III.3 Задачи и обврски на Генералниот секретаријат

Задачите и обврските на Генералниот секретаријат, се утврдени со Законот за Владата, Деловникот за работа на Владата и Правилникот за внатрешна организација на Генералниот секретаријат и тие вклучуваат:

- Координација на процесот на стратешкото планирање на централно ниво и негово усогласување со буџетскиот процес;
- Анализа на политиките и координација;
- Стручна поддршка во подготвување и одржувањето на седниците на Владата и на работните тела на Владата;
- Јакнење на соработката со невладините организации и други правни лица;
- Координација во привлекување инвестиции од страна на јавните институции;
- Координација со институции задолжени за привлекување странски инвестиции за организација на настани од овој вид во селектирани земји;
- Развој и управување со човечките ресурси;
- Развој и искористување на информатичката инфраструктура;
- Транспарентност на работењето на Владата и развивање на односите со јавноста.

## III.4 Специфичност на Генералниот секретаријат

Генералниот секретаријат е стручна служба на Владата на Република Северна Македонија, која врши координација и обезбедува кохерентност во спроведувањето на политиките на Владата, предложени од министерствата и другите органи на државната управа.

## III.5 Структура на Генералниот секретаријат



## III.6 Приоритети и цели на Генералниот секретаријат

За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, за периодот 2023-2025 година, во Генералниот секретаријат се утврдени пет приоритети и 16 цели.

### III.6.1 Приоритет бр. 1 – Дигитализација, добро владеење и континуирано осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура во Генералниот секретаријат како Центар на Владата

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните три цели:

- целосна дигитализација на процесите во Генералниот секретаријат на Владата;
- одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура; и
- креирање и спроведување на политики за добро владеење во Генералниот секретаријат.

### III.6.2 Приоритет бр. 2 – Зајакнување на системот на стратешкото планирање

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните четири цели:

- зголемување на институционалните капацитетите и ресурси за подготвување, спроведување, евалуација и известување на постигнатите резултати од развојните стратешките плански документи;
- одржување дневна комуникација, соработка, давање на стручни совети и насоки на министерствата и другите органи на државната управа во функција на унапредување на системот на стратешко планирање;
- зајакнување на ефикасноста и надградба на електронскиот систем за подготвување и следење на спроведувањето на Годишната програма за работа на Владата; и
- воведување на секторски пристап, паметна специјализација и развивање на Национална развојна стратегија (НРС) врз принципите на одржлива циркуларна економија и европските стандарди.

### III.6.3 Приоритет бр. 3 – Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните три цели:

- донесување квалитетни и кохерентни одлуки на Владата;
- обезбедување координација при усогласување на мерките и активностите за остварување на политиките; и
- унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

### III.6.4 Приоритет бр. 4 – Системско подобрување на регулаторната рамка во функција на подобрување на деловната клима

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните четири цели:

- поддршка и развој на одржливи, конкурентни микро, мали и средни претпријатија, унапредување на занаетчиството, претприемништвото и иновациите;
- унапредување на бизнис опкружувањето и создавање амбиент за динамичен и конкурентен бизнис, ослободен од политички влијанија;
- зголемување на напредокот на компаниите, нивната конкурентност на пазарот и дигитализација на бизнисите; и
- унапредување и олеснување на инвестициската клима и интернационализацијата на бизнисите.

### III.6.5 Приоритет бр. 5 – Навремено, транспарентно и објективно информирање на јавноста за работењето на Владата на Република Северна Македонија

Овој приоритет ќе се остварува преку реализација на следните три цели:

- унапредување на системот за информирање на Владата, министерствата и институциите, во функција на нивно транспарентно работење и проактивна комуникација со јавноста;
- координиран и усогласен настап во јавноста; и
- осовременување на информирањето и комуникацијата со јавноста.

## III.7 Осврт на постигнатите резултати во 2021 година

### III.7.1 Програма 1 – Стратешко планирање

Во рамките на оваа Програма, во текот на 2021 година подготвен е Годишниот план за работа за 2021 година на Генералниот секретаријат[16]; Извештајот

[16] https://vlada.mk/sites/default/files/img/godishen_plan_za_rabota_za_2021_godina.pdf

за спроведување на Годишниот план за работа на Генералниот секретаријат за 2020 година; Анализата за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата за 2020 година, а во соработка со Министерството за финансии и Табеларниот преглед на планирани и реализирани финансиски средства од Буџетот за 2020 година на владините програми и потпрограми[17]; Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата за 2022 година[18]; Стратешкиот план на Генералниот секретаријат за периодот 2022-2024; Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата за 2020 година[19]; Извештајот од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата во 2022 година; Годишниот извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата (ГПРВ) за 2020 година, со мониторинг индикатори[20]; Извештај за степенот на реализација на програмата за работа на Владата за периодот јануари-јули 2021 година; ГПРВ за 2021 година[21]; и законодавните агенди за периодите од 1.01.-30.06.2021 година и 1.07.-31.12.2021 година.

Во контекст на реализација на мерката М 1.1.1. „Зајакнување на системот за планирање преку обезбедување механизам за усогласување на долгорочно со среднорочно и годишно планирање“ од Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 година, Генералниот секретаријат ја координираше подготовката на Методологијата за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии и Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии.

## III.7.2 Програма 2 – Анализа на политиките и координација

Во рамки на оваа Програма, подготвени се повеќе акти и материјали, кои се усвоени од Владата, вклучувајќи ги: Стратегија на Владата на Република Северна Македонија за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024; Извештај за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020; Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2019 година; Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за мерки за справување со COVID-19 кризата; Програма за

[17] Разгледан и усвоен од Владата на РСМ, на 27.04.2021 година
[18] ibid
[19] Разгледан и усвоен од Владата на РСМ, на 2.02.2021 година
[20] Разгледан од Владата на РСМ, на 5.05.2021 година
[21] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/programa_za_rabota_na_vladata_na_republika_severna_makedonija_za_2021_godina_0.pdf

финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година; Одлука за распределба на средствата до Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година наменети за финансирање на програмските активности на здруженија и фондации; Извештај за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за 2020 година; Извештај за работа на Комисијата за организации со статус од јавен интерес за 2020 година и четири информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања.

Во овој период се спроведени и следните активности:

- на 15.2.2021 година, на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Оглас за финансиска поддршка на здруженија и фондации. По административната проверка на 271 пријава, подготвена е Предлог-ранг листа од 219 проекти;
- на 22.3.2021 година, на веб-страниците www.vlada.mk и www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Јавен повик за избор на 16 членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од редот на здруженијата и фондациите, а на 11.5.2021 година е објавена Листата на кандидати за членови на Советот;
- Формирана е Работната група за изработка на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество 2022-2024, составена од претставници на Генералниот секретаријат, членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество од ресорните министерства и 13 граѓански организации, а во периодот 26.4 – 26.5.2021 година и 22.10 - 10.11.2021 година, преку www.nvosorabotka.gov.mk спроведен е консултативен процес со граѓанските организации за подготовка на новата Стратегија;
- На 17.8.2021 година, на www.nvosorabotka.gov.mk и www.ener.gov.mk објавен е Повик до граѓанскиот сектор за придонес во подготвувањето на годишната Програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година, при што 15 иницијативи на граѓанските организации се доставени до ресорните министерства;
- подготвени се документи за затворање на Националната ИПА 2013 програма[22], како и Табела за самооценување и Изјава за гаранција на Вишиот програмски службеник за 2021 година;

Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржа осум седници, на кои се разгледани прашања и јавни политики од значење за граѓанското

[22] Final Contract Progress Report и Final State of Play of the contract за 15 договори за грант од грантовата шема, “Enhanced involvement of civil society in the EU integration reforms” EuropeAid/138660/ID/ACT/MK, 10 договри за грант од “Grant scheme for CSOs for implementation of projects for increasing the competitiveness of the beneficiary country” EuropeAid/138-495/ID/ACT/MK и еден твининг проект Further institutionalisation of structured mechanism/s for cooperation between the Government and civil society MK 13 IPA OT 01 17 TWL

општество, а материјалите и записниците од седниците на Советот, се објавени на веб-страницата nvosorabotka.gov.mk. Подготвени се две измени и дополнувања на Деловникот за работа на Советот, Извештај за работа на Советот за периодот од април 2018 година до јуни 2021 година, а спроведени се и постапки за четири јавни повици.

Во рамки на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", организирани се четири онлајн работилници за унапредување на методите на работа, за информирање, комуникација и консултации со засегнати страни и за стратешко планирање на работата на членовите на Советот.

Комисијата за организации со статус од јавен интерес, во текот на 2021 година, одржа три седници на кои е разгледан извештајот за работа на Комисијата во 2020 година, деловните и финансиски извештаи за 2020 година на организациите со статус од јавен интерес и три барања за добивање статус на организација од јавен интерес.

Во 2021 година, Генералниот секретаријат го координира[е процесот на одговарање на прашањата од оценската мисија на СИГМА, во областа Развој на политики и координација; учествуваше во работната група за изработка на Закон за вонредна состојба и меѓуресорската консултативна и советодавна група за еднакви можности на жените и мажите; членуваше во Управувачките комитети на проектите „Унапредување на условите за работа" и „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", како и во Советодавниот одбор на проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ интеграциите".

## III.7.3 Програма 3 – Деловно опкружување и регулаторна реформа

Владата и во 2021 година продолжи да работи во услови на здравствена и социо-економска криза, предизвикана од КОВИД-19, поради што, освен редовните проекти за поддршка, реализирани беа и дополнителни мерки за поддршка на домашната економија, компаниите и граѓаните.

Во првата половина на 2021 година, Владата донесе два пакети на антикризни мерки, насочени кон справување со негативните последици врз економијата, кои во својот фокус ги имаа граѓаните, нивните работни места, социјалната сигурност, солидарноста, креирањето амбиент за полесно надминување на економските последици од корона вирусот, спроведување на брза излезна стратегија по завршувањето на кризата и воспоставување на нова развојна македонска економија. Креирањето на мерките за сите пакети беше направено транспарентно и во инклузивен процес во кој учествуваа стопанските комори, синдикалните организации и организациите на работодавачи.

Во рамки на третиот столб од Планот за економски развој, продолжи спроведувањето на Среднорочната програма за поддршка на микро, мали и средни компании на Фондот за иновации и технолошки развој. Вкупниот број на проекти поддржани преку Фондот за иновации и технолошки развој (ФИТР). Вкупниот број на проекти поддржани преку ФИТР е 702 проекти со вкупна вредност од 87 милиони евра - 50 милиони евра ко-финансирани од ФИТР, а 37 милиони евра се ко-финансирани од компаниите. Од вкупниот број одобрени проекти, 235 проекти се од инструментот за поддршка на новоосновани друштва „Старт-ап и Спин-Оф", 106 проекти од инструментот за поддршка „Подобрување на иновациите", 97 проекти од инструментот „Технолошки развој за забрзан економски раст", 90 проекти од инструментот „Комерцијализација на иновации", 84 проекти од инструментот „Технолошки развој – Ковид 19", 84 проекти од инструментот „Технолошки развој", 3 проекти од инструментот „Технолошка екстензија" и поддржани се 3 бизнис акцелератори.

Во 2021 година продолжија активностите за развој на Стратегијата за паметна специјализација (S3), како сеопфатен модел за одржлив економски раст заснован на капацитетите на домашната индустрија, науката и општеството. Стратегијата се развива согласно методологијата и во координација со Заедничкиот истражувачки центар на Европската Комисија (EC Joint Research Center JRC). Врз основа на анализите на економските, иновативните и истражувачки капацитети (квантитативна и квалитативна анализа, изработена од страна на Стопанската комора на Северна Македонија, за мапирање на економските, иновативните и истражувачките капацитети и определување на областите кои имаат потенцијал за паметна специјализација), како вертикални домени кои имаат потенцијал за паметна специјализација, избрани се: паметно земјоделство и агри-производи со повисока додадена вредност, ИКТ, електро машинска индустрија – кон Индустрија 4.0 и паметни и одржливи згради и материјали. Енергетиката е хоризонтален домен во насока на еко решенија, зазеленување и слично, додека туризмот се гледа како хоризонтален домен меѓусекторски поврзан со ИКТ и агросекторот.

Во рамки на Потпрограмата Локална и регионална конкурентност во туризмот во периодот јануари – декември 2021 година, продолжи спроведувањето на активностите преземени во рамки на Потпрограма 4 - Инфраструктурни проекти за поддршка на туризмот.

Во однос на процесот на имплементација на Целите за одржлив развој, во 2021 година продолжи работата на Техничката работна група и Советот за одржлив развој. Одржани беа повеќе јавни расправи со засегнати чинители на кои активно учествуваа невладини организации, стопански комори и академската заедница.

Во 2021 година продолжи реализацијата на Проектот за одржлив и инклузивен рамномерен регионален развој. Во рамки на овој проект се реализираа активности за консолидација на Советот за рамномерен регионален развој и зајакнување на неговата позиција и улога. Усвоени се Стратегијата за рамномерен регионален развој и Законот за рамномерен регионален развој. Исто така, во

рамките на овој проект беа реализирани и активности за подобрување на капацитетите за спроведување на политиките на рамномерен регионален развој на регионалните единици, односно за воспоставување и функционалност на системот за подобрување на меѓуминистерската координација во процесот на планирање, имплементација, следење и евалуација на политиката за рамномерен регионален развој, познат како СиРеРа систем. Проектот СиРеРа заврши на 30.06.2021 година, а со одлука на Владата, истиот беше предаден на понатамошно управување во Министерството за локална самоуправа.

Во 2021 година продолжи соработката со Зелениот климатски фонд (ЗКФ), со цел успешно справување со предизвиците од климатските промени. Во рамките на оваа соработка, продолжи имплементацијата на регионалната иницијатива Програма за зелени градови, во чии рамки е изработен Акциски план за развој на Зелен град за Градот Скопје, кој беше усвоен од Советот на Град Скопје.

Со цел овозможување дополнителен капитал за воспоставување на национален Фонд за енергетска ефикасност, Владата даде согласност за поднесување на предлог-проект до ЗКФ за овозможување на директно финансирање за овие потреби.

Во втората половина на 2021 година, ЗКФ го одобри регионалниот проект - Финансиски инструмент за опрема за ладење, преку кој ќе биде воспоставен Национален Фонд за енергетска ефикасност. Државата издаде Писмо без приговор за вклучување во регионална Програма за енергетска ефикасност во објекти, а со цел да се овозможи реконструкција и унапредување на јавните објекти во државата.

## III.8 Осврт на постигнатите резултати во 2022 година

### III.8.1 Програма 1 – Стратешко планирање

Во рамките на оваа Програма, заклучно со јуни 2022 година, реализирани се повеќе активности и подготвени се повеќе документи, вклучувајќи:

- Стратешки план на Генералниот секретаријат за периодот 2022-2024[23];
- Годишен план за работа за 2022 година на Генералниот секретаријат, кој е објавен на интернет локацијата на Владата[24];
- Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Генералниот секретаријат за 2021 година;
- Анализа за степенот на остварувањето на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2021 година[25];

[23] https://vlada.mk/strateshko-planiranje
[24] https://vlada.mk/sites/default/files/dokumenti/4-d._godishen_plan_na_gs_za_2022.pdf
[25] Разгледана и усвоена од Владата, на 48-та седница, одржана на 25.5.2022 година

- Одлука за утврдување на стратешките приоритети на Владата на РСМ за 2023 година[26];

Исто така, во првата половина на 2022 година, е заокружена правната рамка за секторско и мулти-секторско планирање, со што е обезбедено зајакнување на системот за стратешко планирање преку креирање на механизам за усогласување меѓу долгорочното, среднорочното и годишното планирање. Имено, Владата[27] утврди „Методологија за начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските стратегии“ и донесе „Упатството за структурата, содржината и начинот на подготвување, спроведување, следење, известување и оценување на секторските и мулти секторските стратегии“. Овие два документи се презентирани пред на државните секретари од министерствата и секретаријатите[28] и пред административните службеници од министерствата и секретаријатите[29].

Дополнително, во 2022 година, подготвени се следните документи и спроведени се следните активности:

- Нацрт – Стратешки план на Генералниот секретаријат на Владата за периодот 2023-2025;
- Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа од аспект на формата, содржината и нивната усогласеност со стратешките приоритети на Владата на РСМ во 2022 година[30];
- Предлог-програма за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2022 година[31];
- Годишен извештај за степенот на реализација на Годишната програма за работа на Владата за 2021 година, со мониторинг индикатори[32];
- Воспоставена работна група за подготовка на Закон за стратешко планирање и управување со развојот;
- Формирана работна единица за координација на подготовката, спроведувањето, следењето на спроведувањето и известувањето за НРС.

*Планиран резултат на ниво на програмата*

Подготвување на квалитетни и реално спроведливи стратешки планови на буџетските корисници согласно барањата на новата правна рамка и подобрена имплементација, евалуација и известување во функција на реализација на стратешки приоритети и цели на Владата.

[26] Разгледана и усвоена од Владата, на 48-та седница, одржана на 25.5.2022 година
[27] 48-ма седница, одржана на 25.5.2022 година
[28] Работилница организирана на 6 јули во Скопје, во соработка со ОЕЦД СИГМА
[29] Работилница организирана на 7-8 јули во Гевгелија, во соработка со ОЕЦД СИГМА
[30] Разгледан и усвоен на седницата на Владата, одржана на 15.2.2022 година
[31] Разгледана и усвоена на 23-та седница на Владата, одржана на 8.3.2022 година
[32] Разгледан на 42-та седница на Владата, одржана на 3.5.2022 година

*Показател на успешност*

Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на стратешките приоритети и цели на Владата.

*Оценка*

Во рамките на Програмата - Стратешко планирање и следење реализирани се сите активности кои беа планирани и оттука истата во целост придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.

### III.8.2 Програма 2 - Анализа на политиките и координација

Во рамките на оваа програма, реализирани се повеќе активности и подготвени се повеќе документи, вклучувајќи:

- Координација со Подгрупата за развој на политики и координација на Работната група на Министерството за информатичко општество и администрација за изработка на новата Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030;
- Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, органите на државната управа и други органи и организации што имаат јавни овластувања и подготовка на извештаи за информирање на Владата, во рамките на кое беа подготвени две Информации за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител;
- Координирање и следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план 2022-2024 и подготовка на извештаи за информирање на Владата. Во рамките на оваа активност се воспостави систем за следење на спроведувањето на Стратегијата[33] и подготвени се три квартални извештаи за статусот на реализација на активностите од Акцискиот план;
- До членовите на мрежата на државни службеници за соработка со граѓанското општество дистрибуиран е Прашалник и подготвен е Извештај за процесот на консултации при подготовка на предлози на закони, користење на ЕНЕР и други механизми за соработка со граѓанските организации во 2021 година разгледан од Владата на 93-та седница, одржана на 18.10.2022 година;
- Формирана е работна група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации, координирана од Генералниот секретаријат и составена од претставници на ресорните министерства,

[33] На интернет страницата www.nvosorabotka.gov.mk креирана е електронска платформа „Спроведување на Стратегијата 2022-2024"

членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и граѓански организации. Работната група, во соработка со проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“, во текот на 2022 година одржа четири состаноци и две полудневни работилници и до работната група на Министерството за правда достави предлог за дополнување на Законот за здруженија и фондации со одредби за државна поддршка на организациите и за Фонд за поддршка и развој на граѓанското општество;

- Подготвен е Извештај за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Владата, органите на државната управа и единиците на локалната самоуправа во 2021 година, презентиран на Работната група за реформа на системот на државно финансирање на граѓанските организации;
- Подготвен е Извештај за реализација на Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите за 2021 година - разгледан од Владата на 72-та седница, одржана на 23.8.2022 година;
- Следење на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики и подготовка на извештаи за информирање на Владата;
- Административно-техничка поддршка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и подготовка на извештаи и материјали кои спаѓаат во делокругот на областа (Извештај за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество за 2021 година, а на предлог на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество Информација за обидите за делегитимирање на граѓанскиот сектор и штетноста на говорот на омраза и насилството врз граѓанското општество и активистите за човекови права, Информација за состојбите во однос на обезбедувањето на социјална и здравствена заштита од страна на граѓанските организации и Информација за потребата од одржување и унапредување на воспоставениот систем за одговор кон епидемијата на ХИВ во Република Северна Македонија). Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2022 година одржа четири седници на кои беа разгледани актуелни прашања и јавни политики од значење за граѓанското општество. Сите материјалите по точките од дневниот ред и записниците од седниците на Советот се објавени на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Со поддршка на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката околина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската Унија подготвени се Нацрт-Стратегија за комуникација на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество 2022-2024 и Нацрт-План за комуникација на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество во 2022 година, изработена е брошура „Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество: Дијалог и зајакнување“ и промотивно

видео, што се објавени на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Поради одлуката на Владата на Република Северна Македонија да го запре процесот на донесување на Предлог-програмата за финансирање на програмски активности на здруженијата и фондациите за 2022 година, предложена од Генералниот секретаријат и поддржана од Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и планирање на средствата за оваа намена во буџетот на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците, членовите на Советот од редот на граѓанските организации одлучија да ја бојкотираат работата на ова советодавно тело, за што ја информираа јавноста преку прес-конференција на 24.3.2022 година;

- Административно-техничка поддршка на Комисијата за организации со статус од јавен интерес. Комисијата за организации со статус од јавен интерес во 2022 година одржа две седници на кои беше разгледан извештајот за работа на Комисијата за 2021 година, три барања за добивање статус на организација од јавен интерес и деловни и финансиски извештаи на три организации со статус од јавен интерес. Поради истекот на мандатот на членовите на Комисијата во јули 2022 година, на www.nvosorabotka.gov.mk објавен е Оглас за избор на два члена на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од организации регистрирани во согласност со Законот за здруженија и фондации, а до ресорните органи на државната управа доставено е барање за номинирање на нови членови во Комисијата.
- Одржување на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации (www.nvosorabotka.gov.mk).

*Планиран резултат на ниво на програмата*

Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на Генералниот секретаријат и органите на државната управа, со цел донесување квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата и унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува кон зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество.

*Показател на успешност*

Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација.

*Оценка*

Во рамките на Програмата – Анализа на политиките и координација реализирани се најголем дел од активностите кои беа планирани заклучно со јуни 2022 година. Заради неусвојувањето од страна на Владата на Предлог Програмата за финансирање на програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година настапи бојкот на

претставниците на граѓанските организации вклучени во работата на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество со што степенот на реализација на оваа Програма, а со тоа и реализацијата на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат е значително намален.

### III.8.3 Програма 3 - Деловно опкружување и регулаторна реформа

Имајќи ги во вид пандемијата предизвикана од КОВИД-19 вирусот и енергетската криза, кои доминираа и во првата половина на 2022 година, освен тековните проекти за поддршка, реализирани се и дополнителни мерки за поддршка на домашната економија, компаниите и граѓаните.

Во рамки на Платформата за мали и средни претпријатија/развој на приватниот сектор како дел од инвестиционата рамка за западен Балкан (WBIF - Western Balkan Investment Framework), продолжи реализацијата на планираните активности - Фонд за иновации (Enterprise Innovation Fund – ENIF); Фонд за експанзија (Enterprise Expansion Fund – ENEF); Компонента за гаранции (Guarantee Facility – GF) и Компонента за техничка помош (TA Facility).

Во рамките на третиот столб од Планот за економски раст, продолжено е спроведувањето на Среднорочната програма за поддршка на микро, мали и средни компании на Фондот за иновации и технолошки развој, како и мерките за поддршка на инвестициите, согласно одредбите на Законот за финансиска поддршка на инвестициите

Во текот на 2022 година, продолжија активностите за развој на Стратегија за паметна специјализација (S3), при што е финализиран процесот на претприемничко откривање (Entrepreneurial Discovery Process), кој претставува клучна фаза во развојот на Стратегијата.

Во рамки на потпрограмата Креирање на Национална развојна стратегија, обезбедени се експертска и техничка помош од ООН, УНДП, Амбасадата на Обединетото кралство и други донатори, при што е изработена Методологија за креирање на НРС, која е прифатена од заинтересираните страни и институциите инволвирани во процесот. Активностите за подготовка на Стратегијата се очекува целосно да се реализираат во текот на 2023 година. Во рамки на Генералниот секретаријат формиран е тим за поддршка на подготвувањето, спроведувањето, следењето на спроведувањето, оценување и известување за спроведувањето на НРС 2023-2043, како иницијален чекор за операционализација на активноста.

Заклучно со првиот квартал 2022 година, спроведен е проект финансиран од Амбасадата на Обединетото кралство, во соработка со УНОПС, чија цел е воспоставување на структура за поефикасно следење и спроведување на големи инфраструктурни проекти. Во рамки на проектот направени се потребните анализи за воспоставувањето на ваква единица и спроведени се обуки на околу 100 лица, од преку 15 различни институции, обезбедена и потребната ИКТ опрема, како и

софтвер за работа на единицата. Во тек е развивање на регулаторна рамка за воспоставување на Единицата.

Во насока на воспоставување на менаџмент информациски систем за државна помош, во извештајниот период се завршени подготвителните активности во соработка со институциите кои обезбедуваат државна помош преку различни програми и различни извори на финансирање. Спроведувањето на активностите од програмата ќе започне во 2023 година.

Во поглед на поддршката од странски донатори и фондови, продолжи соработката на Република Северна Македонија со Зелениот климатски фонд (ЗКФ), со цел успешно справување со предизвиците од климатските промени. Во првата половина на 2022 година, ЗКФ ја одобри проектната апликација за третиот проект за подготвителност „Градење капацитети за одржлив развој на човечки капитал во Северна Македонија". Проектот започна со потпишување на Спогодба за имплементација, а истиот а ќе трае до јуни 2024 година.

Во рамки на вториот проект за подготвителност „Зајакнување на националните капацитети за ублажување и адаптација кон климатските промени и финализирање на Работната програма за Зелениот климатски фонд на Република Северна Македонија", реализирани се следните активности:

- Систем за следење на тековите на климатски финансии;
- Работна програма на Република Северна Македонија за соработка со ЗКФ;
- Во соработка со Фондот за иновации и технолошки развој, во јуни 2022 година се финализирани повеќе активности за поттикнување зелени иновации и технологии за климатски промени, со објава на Јавен повик за „Справување со климатски промени 2022", кој има цел да поттикне зголемување на активностите за развивање на иновативни технологии, производи и процеси за ублажување или прилагодување на последиците од климатските промени;
- На 12.04.2022 година, Владата го определи ФИТР како национален ентитет кој ќе биде акредитиран од ЗКФ за директен пристап до финансиите од Фондот. Активностите за процесот на акредитација на Фондот за иновации и технолошки развој се започнати;
- Воспоставен е механизам за активно вклучување и зајакнување на капацитетите на приватниот сектор во сферата на климатските промени. Изработена е on-line алатка за приватниот сектор за климатски промени, но и Прирачник за климатски промени за приватниот сектор кои се однесуваат и на можности за финансирање;
- Се работи на Проектна апликација за Националниот план за адаптација кон климатските промени која се очекува да се поднесе до ЗКФ во првата половина на 2023 година;

- Во втората половина на 2022 година се очекува да се финализира документот Дијагностика на капацитетите за хидрометеорологија во Управата за хидрометеоролошки работи. Овој документ претставува основа за развој на Проектната апликација кон ЗКФ;
- Започнато е со формулирање на проектна апликација за четврт проект за подготвителност со ЗКФ, која треба да биде доставена до крајот на јуни 2022 година, а да се одобри до крајот на 2022 година.
- Конечно, во о 2022 година, се одобри Програмата за енергетска ефикасност во згради која ќе се реализира со Францускта агенција за развој. Во оваа фаза Средствата се обезбедени од ЗКФ и Француска развојна агенција

*Планиран резултат на ниво на програма*

Промоција и стимулирање на развојот на конкурентноста и продуктивноста на македонската економија.

*Оценка*

Стратешката Програма – Деловно опкружување и регулаторна реформа, во поголем дел придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Генералниот секретаријат.

## III.9 Програми

Генералниот секретаријат на Владата во периодот 2023-2025 година ќе реализира стратешки програми кои се во функција на остварувањето на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија и на приоритетите и целите на Генералниот секретаријат. Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од мисијата на Генералниот секретаријат и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на неговата визија и на утврдените индикатори на успешност.

Во Стратешкиот план се креирани пет стратешки програми:

1. Дигитализација и добро владеење
2. Стратешко планирање
3. Анализа на политиките и координација
4. Деловно опкружување и регулаторна реформа
5. Транспарентна влада

# IV. ПЛАНОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИТЕ

## IV.1 План за спроведување на Програма 1 – Дигитализација и добро владеење

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение:**<br>Програмата 1 – Дигитализација и добро владеење, произлегува од стратешкиот приоритет на Владата – Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники, односно приоритетната цел: Унапредување на дигиталната трансформација при испораката на услугите за граѓаните и бизнисите. |
| НПАА<br>▪ Област Реформа на јавната администрација<br>▪ 3.10. Информациско општество и медиуми<br>▪ 3.10.2. Услуги на информатичко општество |
| **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>▪ целосна дигитализација на интерните процеси во Генералниот секретаријат на Владата<br>▪ одржување и надградба на информациско-комуникациската инфраструктура, вклучувајќи ја платформата е-влада;<br>▪ креирање и спроведување на политики за добро владеење во Генералниот секретаријат; |
| **Цел на Програмата:**<br>Дигитализација на севкупното работење на Владата. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>▪ поедноставени процеси во работењето на Генералниот секретаријат како Центар на Владата;<br>▪ зголемено ниво на достапност на ИКТ сервисите;<br>▪ зголемено ниво на безбедност на податоците;<br>▪ имплементирани принципи на добро владеење. |
| **Програмата е:** ☑ **Хоризонтална** ☐ **Вертикална** |

| Потпрограми (компоненти) од Програмата: | |
|---|---|
| Потпрограма 1: Дигитална трансформација | Показател за успешност:<br>▪ подготвен Национален план за дигитална трансформација на општеството |
| Потпрограма 2: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура | Показател за успешност:<br>▪ обезбедена повисока достапност на ИКТ сервисите;<br>▪ обезбедена поголема искористеност на ИКТ сервисите;<br>▪ поврзан DMS систем со е-влада |
| Потпрограма 3: Надградба на системот е-влада | Показател за успешност:<br>▪ поврзан електронски систем е-влада со дигиталната архива на ГС CDR);<br>▪ дигитализирани сите процеси во електронскиот систем е-влада<br>▪ функционален софтвер за следење на ГПРВ;<br>▪ интегрирани секторски и мулти секторски стратегии во електронскиот систем за стратешко планирање;<br>▪ прегледен електронски регистар на секторски стратегии достапен на јавноста. |
| Потпрограма 4: Воспоставување на информациски систем за управување со државна помош | Показател за успешност:<br>▪ Воспоставување на регистар за државна помош<br>▪ Број на институции кои учествуваат во менаџмент информациски систем за државна помош |
| Потпрограма 5: Добро владеење | Показател за успешност:<br>▪ спроведена кампања „Зависи од мене и тебе“;<br>▪ воспоставен Центар за добро владеење;<br>▪ одржана Годишна конференција за добро владеење. |

Б: План за спроведување на програмата

| Потпрограма 1: Дигитална трансформација |
|---|

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| **1. Изготвување на Национален план за дигитална трансформација на општеството** | ЗПВДВ | Меѓународни организации и домашни институции | 1.2023 | 12.2023 | 2 | 2 | 2 | | | |
| **2. Имплементација на краткорочните решенија од Националниот план** | ЗПВДВ | Меѓународни организации и домашни институции | 9.2023 | 12.2025 | 2 | 2 | 2 | | | |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности: 2 | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 2: Осовременување на информациско-комуникациската инфраструктура | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год. | II год. | III год |
| 1. Надградба на ИКТ инфраструктура во Генералниот секретаријат (Дата Центар) | СИТ | КГС, СФР, ЗПВДВ | 6.2023 | 6.2025 | 3 | 3 | 3 | 6.500.000 | 8.500.000 | |
| 2. Набавка на софтвер и ИКТ услуги | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 1.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | 14.000.000 | 14.000.000 | 14.000.000 |
| 3. Набавка на лиценци | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 3.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | 120.500.000 (VmWare) + Microsoft | 100.500.000 (VmWare) + Microsoft | 50.500.000 (VmWare) + Microsoft |
| Вкупно активности во I година: 3 | | | | | | | | 141.000.000 | | |
| Вкупно активности во II година: 3 | | | | | | | | | 123.000.000 | |
| Вкупно активности во III година: 3 | | | | | | | | | | 64.500.000 |
| Вкупно активности за Потпрограма 1: 3 | | | | | | | | | | 328.500.000 |

| Потпрограма 3: Надградба на системот е-влада | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Поврзување на е-влада со CDR | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2023 | 12.2023 | 3 | 1 | 1 | | | |
| 2. Целосна дигитализација на процесите на е-влада | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2023 | 12.2025 | 4 | 3 | 3 | | | |
| 3. Надградба на модулот за следење на ГПРВ | СИТ | КГС, СФР, СЈН | 2.2023 | 12.2023 | 5 | 5 | 5 | | | |
| 4. Дигитализација и електронско поврзување на организационите единици за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа со ГС | СИТ | КГС, ЗПВДВ, ССПС, ОДУ | 1.2023 | 12.2025 | | | | | | |
| 5. Интегрирање на секторските и мулти секторските | СИТ | КГС, ЗПВДВ, ССПС, ОДУ | 2.2023 | 12.2025 | 5 | 5 | 5 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **стратегии во е-влада (модул за стратешко планирање)** | | | | | | | | | | |
| **6. Воведување на електронски регистар на секторски стратегии** | СИТ | КГС, ЗПВДВ, ССПС, ОДУ | 2.2023 | 12.2023 | 4 | 4 | 4 | | | |
| **7. Обуки за административни службеници/корисници на системот е-влада** | СИТ | КГС, СНПР, СЧР, сите министерства, ОДУ | 5.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | 7.000.000 | 7.000.000 | 7.000.000 |
| **Вкупно активности во I година: 6** | | | | | | | | 27.000.000 | | |
| **Вкупно активности во II година: 3** | | | | | | | | | 22.000.000 | |
| **Вкупно активности во III година: 3** | | | | | | | | | | 22.000.000 |
| **Вкупно активности за Потпрограма 3: 6** | | | | | | | | | | 71.000.000 |

| Потпрограма 4: Воспоставување на информациски систем за управување со државна помош | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| **1.** Развивање на процедури за дигитализирање на постапките за одобрување, доделување и следење | СЕПСРИ | ЗПВЕП, засегнати страни | 01.2023 | 01.2025 | | | | Обезбедени средства од Меѓународни финансиски институции | | |
| **2.** Воспоставување и одржување на информацискиот систем со регистар на државна помош | СИТ | СЕПСРИ, ЗПВЕП, засегнати стани | 01.2023 | 01.2025 | | | | | | Обезбедени средства од меѓународни финансиски институции |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно за потпрограма 4: 2 | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 5: Добро владеење | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Спроведување на кампања „Зависи од мене и тебе“ | ЗПВДВ | СОЈ<br>КГС | 1.2023 | 12.2023 | 2 | 2 | 2 | 1.500.000 | | |
| 2. Анализа на потребите за зголемување на капацитетите на институциите во областа на доброто владеење во Република Северна Македонија | ЗПВДВ | | 1.2023 | 12.2023 | 2 | 2 | 2 | | | |
| 3. Институционал. на Центарот за добро владеење | ЗПВДВ | | 1.2024 | 12.2025 | | | | | | |
| 4. Годишна конференција за добро владеење | ЗПВДВ | | 1.2023 | 12.2025 | 2 | 2 | 2 | | 1.845.000 | |
| Вкупно активности во I година: 4 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности за Потпрограма 5: 4 | | | | | | | | | | 3.345.000 |

## IV.2 План за спроведување на Програма 2 – Стратешко планирање

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение:**<br>Програмата 1 - Стратешко планирање произлегува од стратешкиот приоритет на Владата – Професионална и ефикасна јавна администрација, поддржана со интензивна дигитализација, оптимална структура и иновативни процеси и техники, односно приоритетните цели: реформи во јавните финансии, подобрување на макроекономската и фискалната рамка, економски анализи, зајакнување на процесот на планирање, извршување и известување за јавните финансии; воведување на секторски пристап, паметна специјализација и развивање на Национална развојна стратегија врз принципите на одржлива циркуларна економија и европските стандарди; |
| НПАА<br>▪ Област Реформа на јавната администрација |
| **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>Зајакнување на системот на стратешкото планирање преку:<br>▪ зголемување на институционалните капацитетите и ресурси за подготвување, спроведување, евалуација и известување на постигнатите резултати од развојните стратешките плански документи;<br>▪ одржување дневна комуникација, соработка, давање на стручни совети и насоки на министерствата и другите органи на државната управа во функција на унапредување на системот на стратешко планирање;<br>▪ зајакнување на ефикасноста и надградба на електронскиот систем за подготвување и следење на спроведувањето на ГПРВ;<br>▪ воведување на секторски пристап, паметна специјализација и развивање на НРС врз принципите на одржлива циркуларна економија и европските стандарди. |
| **Цел на Програмата:**<br>Унапредување на системот на долгорочно, среднорочно и краткорочно планирање. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>▪ Број на стратешки програми на органите на државната управа кои се во функција на конкретните стратешките приоритети и цели на Владата;<br>▪ Број на секторски и мулти секторски стратегии кои се во функција на конкретните стратешки приоритети и цели на Владата;<br>▪ Зголемена ефикасност при подготовката на ГПРВ; |

| | |
|---|---|
| ▪ Зголемена ефикасност при следењето на спроведувањето на ГПРВ. | |
| Програмата е: " Хоризонтална ☐ Вертикална | |
| Потпрограми (компоненти) од Програмата: | |
| Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес | Показател за успешност:<br>▪ донесен Стратешки план, годишен план за работа и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на ГС<br>▪ утврдени стратешки приоритети на Владата<br>▪ број на анализирани Нацрт-стратешки планови на министерствата и другите ОДУ кои се во функција на стратешките приоритети и приоритетните цели на Владата.<br>▪ донесена ГПРВ согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на ГПРВ и подготвени извештаи за спроведување на ГПРВ<br>▪ донесени полугодишни законодавни агенди |
| Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети | Показател за успешност:<br>▪ организирани обуки за административни службеници чија основна задача е стратешко и буџетско планирање и подготовка и следење на спроведувањето на секторските и мултисекторските стратегии |
| Потпрограма 3: Креирање на Национална развојна стратегија 2023-2043 | Показател за успешност:<br>▪ усвоена НРС 2023-2043<br>▪ степен на реализација на НРС 2023-2043 |

Б: План за спроведување на програмата

| Потпрограма 1: Поврзување на процесот на стратешко планирање со буџетскиот процес | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Подготвување на Стратешкиот план, годишен план за работа и Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на ГС | ССПС | КГС, СОЈ | 1.2023 | 1.2025 | 3 | 3 | 3 | | | |
| 2. Утврдување на стратешките приоритети на Владата и анализа за нивно остварување | ССПС | КПВ, СЕП , СЗ и сите министерства | 2.2023 | 4.2025 | 3 | 3 | 3 | | | |
| 3. Подготвување на Извештај од анализата на нацрт-стратешките планови на министерствата и другите ОДУ | ССПС | / | 9.2023 | 12.2025 | 2 | 2 | 2 | | | |
| 4. Подготовка на ГПРВ и на годишен | ССПС | Министерства и другите ОДУ | 1.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | | | |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **извештај за степен на реализација** | | | | | | | | | | |
| **5. Подготовка на Законодавна агенда** | ССПС | СНПР, министерства и ОДУ | 1.2023 | 12.2025 | 1 | 1 | 1 | | | |
| **Вкупно активности во I година: 5** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во II година: 5** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности во III година: 5** | | | | | | | | | | |
| **Вкупно активности за Потпрограма 1: 5** | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 2: Јакнење на административните капацитети | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Организирање и испорака на обуки за министерствата за стратешко и буџетско планирање | ССПС | Сите министерства и ОДУ, МФ | 1.2023 | 12.2025 | | | | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| 2. Организирање и испорака на обуки за министерствата за секторско и мулти секторско планирање | ССПС | Министерства и ОДУ, СЕП, МФ | 1.2023 | 12.2025 | | | | 5.000.000 | 5.000.000 | 5.000.000 |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | | | | 10.000.000 | | |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | | 10.000.000 | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | | | 10.000.000 |
| Вкупно активности за Потпрограма 2: 2 | | | | | | | | | | 30.000.000 |

| Потпрограма 3: Креирање на Национална развојна стратегија 2023 - 2043 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/година) | Крај (месец/година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Креирање на НРС | ЗПВЕП, ССПС | Министерства, засегнати страни | 01.2023 | 12.2023 | 5 | 5 | 5 | * | * | * |
| 2. Спроведување на НРС | ЗПВ ЕП, Сектор за стратегија, планирање и следење, засегнати институции | Донатори, бизнис и академска заедница | 01.2024 | 12.2043 | 5 | 5 | 5 | * | * | * |
| 3. Мониторинг на реализацијата на НРС | Влада, КПВ, ЗПВЕП, ССПС | Донатори, бизнис и академска заедница | 01.2024 | 12.2043 | 5 | 5 | 5 | * | * | * |
| Вкупно активности во I година: 3 | | | | | | | | * | * | * |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | * | * | * |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | * | * | * |
| Вкупно за потпрограма 1: 3 | | | | | | | | * | * | * |

* Средствата за реализација на активност 1 од оваа потпрограма се обезбедени од донатор, додека за активност 2 и 3 средства ќе се предвидат од Буџетот на државата за соодветните години.

## IV.3 План за спроведување на Програма 3 – Анализа на политиките и координација

| А: Оправданост и дизајн на Програмата |
|---|
| **Образложение:**<br>Програмата 2 - Анализа на политиките и координација произлегува од стратешкиот приоритет на Владата на РСМ – Успешно водење на пристапните преговори со Европската Унија, содржан во Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2023 година, односно приоритетната цел: Зајакнување на соработката со граѓанскиот сектор и создавање услови за негово активно вклучување во креирањето на политики. |
| НПАА<br>▪ Област Функционирање на демократски институции<br>▪ Област Реформа на јавната администрација |
| **Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа:**<br>Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација<br>▪ донесување квалитетни и кохерентни одлуки на Владата;<br>▪ обезбедување координација при усогласување на мерките и активностите за остварување на политиките; и<br>▪ унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество кое придонесува во зајакнување на демократското управување и воспоставување на структурен дијалог со граѓанското општество. |
| **Цел на Програмата:**<br>Развивање и унапредување на процесот на анализа на политиките и координација на ГС, министерствата и другите ОДУ, донесување квалитетни, кохерентни и координирани одлуки на Владата и унапредување на околината во која функционира и се развива граѓанското општество. |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>▪ Создадени функционални капацитети за анализа на политиките и координација. |
| **Програмата е:** " Хоризонтална ☐ Вертикална |
| **Потпрограми (компоненти) од Програмата:** |

| | |
|---|---|
| Потпрограма 1: Градење институционални капацитети за анализа на политиките и координација | Показател за успешност:<br>▪ создадени институционални капацитети за анализа на политиките и координација во ГС |
| Потпрограма 2: Соработка со граѓанскиот сектор | Показател за успешност:<br>▪ степен на реализација на Стратегијата за соработка со и развој на граѓанското општество<br>▪ функционален Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор;<br>▪ воспоставен механизам за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики;<br>▪ создадени услови за финансиска одржливост на граѓанскиот сектор. |

Б: План за спроведување на програмата

| Потпрограма 1: Градење институционални капацитети за анализа на политиките и координација | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/ година) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год |
| 1. Воспоставување на функционален систем на анализа на политиките и координација | САПК | КГС, СНПР, Стручен колегиум на Генералниот секретаријат, министерства | 1.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | 900.000 | 1.000.000 | 1.200.000 |
| 2. Следење на постапувањето по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата, подготовка на извештаи за информирање на Владата | САПК | ОДУ и други органи и организации што имаа јавни овластувања | 1.2023 | 12.2025 | 3 | 3 | 3 | | | |
| Вкупно активности во I година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во II година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во III година: 2 | | | | | | | | | | |
| Вкупно за потпрограма 1: 2 | | | | | | | | | | |

| Потпрограма 2: Соработка со граѓанскиот сектор | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
| | | | Почеток (месец/ година) | Крај (месец/го дина) | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | | | I год | II год | III год | I год | II год | III год. |
| 1. Следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанското општество, со Акциски план и подготовка на извештаи за информирање на Владата и Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество | САПК | Министерства и граѓански организации | 1.2023 | 12.2025 | 4 | 4 | 4 | | | |
